    - Противпожарна единица **344.072,00** ден.

- Тековни обврски спрема добавувачи................................ **2.462.041**
- Краткорочни финансиски обврски ............................................**9.000**
- Обврски спрема советници**.................................................267.710**
- Обврски од тековна резерва ..................................................**17.735**
- Обврски по основ на договорни услуги **..................................151.678**
- Обврски спрена лица за општокорисна работа.........................**17.576**
- Обврски по основ новороденчиња..............................................0
- Обврски по основна социјална помош......................................0
- Обврски спрема месни заедници..............................................0
- Обврски за исплата на награди.................................................0
- Обврски по барања за жртви на семејно насилство..........**.....0**
- Обврска кон вработени ТППЕ за хранарина**.......................... 26.089**
- Обврска кон вработени –Дневница ........................... **700**
- Обврски кон државата и др.институции.................................**183.077**

- Други долгорочни кредити од банки во земјата.......**57.302.523,00**

Тековните обврски спрема добавувачите се однесуваат за обврски за потрошена електрична енергија, телефон , вода, извршени градежни работи и сл. Ова е соодветно на сметководствениот правилник за буџет и буџетски корисници.

# 3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K – Култура
L - Спорт
V – Социјална заштита и заштита на децата
N – Образование
W – Противпожарна заштита
X1- Родова еднаквост

## 3.1. A – Совет на општина

Во буџетот на Општина Свети Николе за програмата на А – Совет на Општина од планираните **5.055.000** денари реализирани се **4.291.942,00** денари односно реализирана е програмата на советот со **85%.**

Советот на Општина Свети Николе во 2024 година одржа 15 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2024 година на име надоместоци исплатени се **3.621.689,00** денари од вкупно планираните **4.000.000,00** денари , односно **90%** од вкупно планираното.

Преку програмите на Советот на Општина Свети Николе се реализирани и други потпрограми и тоа „Пограма за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка “ и „Програма за активностите на општина Свети Николе во областа социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по пооделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на Општина Свети Николе.

-„ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА“

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2024 година содржи активности како што се помошта што ја дава Општината на социјално загрозени семејства, планирани активности по Агенда 2, едукации, рехабилитација на деца, едукации за превентива.

## ПРЕГЛЕД НА ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ОД ТЕКОВНА РЕЗЕРВА А0-СОВЕТ НА ОПШТИНА

| Бр. | Партнери | ИСПЛАТЕНО |
|---|---|---|
| 1 | Афродита Златева | 30.000,00 |
| 2 | Васка Крстова | 30.000,00 |
| 3 | Веска Андонова | 30.000,00 |
| 4 | Виталност-здружение за одржлив развој на заедницата | 12.000,00 |
| 5 | Голубинка Владева | 30.000,00 |
| 6 | Даниела Тасева | 18.000,00 |
| 7 | Зорица Зафирова | 30.000,00 |
| 8 | Јорданчо Илиев | 30.000,00 |
| 9 | Крсте Спасев | 30.000,00 |
| 10 | Менка Иванова | 30.000,00 |
| 11 | Ненад Јованов | 25.000,00 |
| 12 | СВЕТА ЛИДИЈА МАКЕДОНКА-ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР | 100.000,00 |
| 13 | Слаѓана Николиќ | 30.000,00 |
| 14 | Соња Китанова | 30.000,00 |
| 15 | Станка Наумова | 30.000,00 |
| 16 | Тони Постоловски | 12.000,00 |
| 17 | Храм Свети Николај  и Свети Јован Богослов | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **597.000,00** |

Погоре исплатените средства се по барање од лица поднесени до Советот на Општина Свети Николе во најголем дел за потреба за лекување . Од тековна резерва на Советот е исплатен и персонален данок на доход во износ од 33.330 денари за сите погоре наведени исплати.

Согласно надлежностите во оваа област во изминатиов период беа спроведени активности насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на одделни групи граѓани, организирање трибини за родова сензибилизација и здравствени едукации за превенција итн.

Тековни активности

Покрај наведените активности Општина Свети Николе за новогодишните празници за децата со посебни потреби беше организирана забава како и секоја година рехабилитивен престој бесплатно за децата во детското одмаралиште Стар Дојран. Во центарот за социјални работи беше одбележан денот за хендекипирани лица со посебна програма и доделување на прикладни подароци.

## 3.2. Д – Градоначалник

Во програмата на Градоначалник од планираните **14.975.000,00** денари во буџетот, реализирани се **13.061.761,00** ден. односно **87 %.**

По основ за исплатени плати ,наемнини и надоместоци од плата исплатени се **1.884.052,00** денари односно **96%** реализација, а споредено со вкупните расходи имаат зафатнина од **14,42%** .Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени **365.440,00** денари или **3%(**од вкупно реазлизираните расходи ).На класата за стоки и услуги исплатени се средства кои имаат зафатнина од вкупно реализираните расходи во износ од **189.355,00** денари или **1,45 % ,** а истите се исплатени на име патни и дневни трошоци ,за репрезентација.

На ставката **452 –**Каматни плаќања од предвидени **3.000.000,00** потрошени се **2.909.363,00** или **97%** реализирано во однос на планирано**.**

На контото **464 –Разни трансфери** од предвидени **1.200.000,00** има остварено исплати во износ од **439.081,00** денари кој процентуално изнесува **3,36%** од вкупниот реализираниот буџет за оваа програма. Исплатите се однесуваат за опремнини при пензионирање од буџетските корисници, за плаќање по судски решенија и други трансфери (надомест за вешти лица ,надомест за поставена мерна станица на земјиште на ИЗ Коневи и за награди ).

На конто 491-Отплата на главнина на кредити е евидентирана отплатата на ануитети по двете кредитни задолжувања со Светска Банка во износ од **7.150.917 ,00** денари.

## ПРЕГЛЕД НА ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ОД ТЕКОВНА РЕЗЕРВА-Д0

| Бр. | Партнери | Должи |
|---|---|---|
| 1 | Антонела Владева | 30.000,00 |
| 2 | АСТРА ДООЕЛ | 19.182,00 |
| 3 | Борис Стојковски | 5.000,00 |
| 4 | Георги Петров | 6.000,00 |
| 5 | ДАНИТА- НИК ДООЕЛ | 20.000,00 |
| 6 | ЗОРАН ДИНЕВ | 41.424,00 |
| 7 | Илија Младенов | 30.000,00 |
| 8 | Јовчевска Весна | 30.000,00 |
| 9 | Мирјана Стојанова | 30.000,00 |
| 10 | Парфимерија ГОЛД | 63.750,00 |
| 11 | СЛАТКАРНИЦА ПАРК ДООЕЛ | 11.120,00 |
| 12 | СУЗАНА НУШЕВА | 38.359,00 |
| 13 | Шиткарски ДООЕЛ | 30.050,00 |
| | **ВКУПНО** | **354.885,00** |

Од програмата ДО-Градоначалник исплатени се средства во износ од 354.885 денари на лица и правни субјекти и персонален данок на доход износ од 10.555 денари истите се прикажани во табелата .Основите по кои се извршени плаќањата се врз основа на одлуки на Совет на Општина Свети Николе ,исплата за смрт на родители на вработени во Општината .

Во програмата **Д1 –месна самоуправа** исплатени се **232.932,00** денари од предвидените **400.000,00** денари или изразено во процент изнесува **58 %.** Овие сретства се трансферираат како делгирана надлежност до месните заедници во општина Свети Николе за подобрување на квалитетот на животот кај месното локално население.

## 3.3. **ЕО – Општинска Администрација**

Во вкупниот буџет на Општина Свети Николе за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од **58.515.030,00** денари, а се реализирани **52.207.450,00** денари или **89%**

По основ за исплатени плати ,наемнини и надоместоци од плата планирани се **39.374.430,00** денари исплатени се **38.477.067,00** денари или процентуално **98%** реализација. **С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **74%**

На ставка **420** на име трошоци за (патни и дневни расходи) од вкупно предвидените **190.000,00** денари потрошени се **65.880,00** денари или **35%.** **С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **0,12 %.**

На ставка **421** на име трошоци за (комунални услуги,греење,комуникација и тарнспорт) од вкупно предвидените **6.910.000,00** денари потрошени се **6.035.333,00** денари или **87%.** **С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **11,56 %.**

На ставка **423** на име трошоци за (канцалариски матријал,списанија и весници,прехрамбени продукти и пијалоци,средства за хигиена ,ситен инвентар,др. матријали за специјална намена и др. матријали) од вкупно предвидените
**2.450.000,00** денари потрошени се **1.172.869,00** денари или **48%.** **С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **2,24 %.**

На ставка **424** на име трошоци за (поправки и сервисирање на лесни возила и резервни гуми,одржување на згради,дезинфекција,дезинсекцијаи дератизација,одржување на др. градби, поправки и сервисирање на софтверска и хардверска опрема,поправка и одржување на др. опрема ) од вкупно предвидените **2.343.000,00** денари потрошени се **1.093.653,00** денари или **47%. С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **2,09 %.**

На ставка **425** на име трошоци за (банкарска провизија,осигурување на недвижности и права,осигурување на моторни возила,правни услуги,плаќање на судски такси,услуги за копирање и печатење,други договорни услуги ) од вкупно **2.861.600,00** денари потрошени се **1.669.322,00** денари или **58%. С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **3,20 %.**

На ставката **426** на име трошоци за ( членарини во домашни организации,објавување на огласи , семинари и конференции, други оперативни расходи) од вкупно предвидените **2.460.000,00** денари потрошени се **2.038.352,00** денари или **83%. С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **3,9 %.**

На ставка **427** оперативни трошоци за привремени вработувања од вкупно предвидените **1.820.000,00** исплатени се **1.549.418,00** или **85%. С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **2,97 %.**

На ставка **464 –**Разни трансфери (исплата на К-15 на вработените) од вкупно предвидените **106.000,00** исплатени се **105.556,00** или **99%. С**поредено со вкупните расходи во оваа програма има реализација од **0,2 %.**

**ЕА- ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ –Купување на друга опрема (информатичка)** предвидени се средства во износ од **370.000,00** денари, а испалатени се **240.594,00** со процент на реализација **65% .** Најголем дел се реализирани за купување на информатичка и видео опрема.

## 3.4 Г1- Локален економски развој

Активностите на Општина Свети Николе во обласна на локалниот економски развој се дефинирани во рамки на Програмата за ЛЕР. Цел на оваа Програма е забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Вкупно планираниот износ од оваа програма изнесува **3.785.521** денари.Од овој вкупен износ исплатени се **2.350.354,00** денари или во вкупен процент **62%.**Најголем дел од срествата се потрошени за **(**трансфери до невладини организации,членарини до домашни организации – Вардарско плански регион и ЗЕЛС .Од вкупниот реализиран износ на **конто 464990** други трансфери потрошени се вкупно 422.931,00 за кофинасирање на проект за изградба на затворено спортско училиште во СОУ Кочо Рацин. На конто 425930 – Научно истражување се исплатени 171.400 денари за изработка на стратегија за ЛЕР.

## Трансфери до Невладини организации за 2024 година

| Бр. | Партнери | Должи |
|---|---|---|
| 1 | Балканец 03 | 70.000,00 |
| 2 | БЕЛОМОРЦИ-Здружение на бегалци од Егејска Македонија | 20.000,00 |
| 3 | ГМД Свети Никола | 100.000,00 |
| 4 | Граѓанска иницијатива на жени-ГИЖ | 40.000,00 |
| 5 | Деница Плус центар за граѓански активизам | 10.000,00 |
| 6 | Доброволно противпожарно друштво | 300.000,00 |
| 7 | ЕРЕБИЦА ЗЛД | 60.000,00 |
| 8 | Здружение ЛЕПУС | 10.000,00 |
| 9 | Здружение на граѓани Илинденски марш Поп Мартин 2007 | 20.000,00 |
| 10 | ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНВАЛИДИ НА ТРУДОТ | 20.000,00 |
| 11 | ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ - СВЕТИ НИКОЛЕ | 50.000,00 |
| 12 | ОВЧЕПОЛЕЦ градски фолклорен ансамбал | 30.000,00 |
| 13 | ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ | 200.000,00 |
| 14 | СОЈУЗ НА БОРЦИ- СВЕТИ НИКОЛЕ | 10.000,00 |
| 15 | Црвен Крст | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **990.000,00** |

## Г2-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

Во оваа програма вкупно планираните средства се во износ од 300.000 денари има реализирано 136.365,00 денари или изразено во проценти изнесува 45,45%.

## ГА – ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

За оваа програма во буџетот за 2024 година беа предвидени **200.000,00** денари има реализација во износ од **178.876,00**. Процентот на реализација за оваа програма изнесува **89%.(**Оваа е остаток од обврска која е пренесена од 2023 година а се исплати во 2024 година за изградба на Анфитеатар во Градски парк ).

## 3.5 Ф1 – Урбанистичко планирање

Оваа програма од вкупно предвидените средства во износ од **5.500.000,00** денари има реализација во износ од **1.352.311,00** за изработка на просторни и урбанистички планови или искажано во проценти споредбено планирано реализирано изнесува **24,58%.**

## Ф2 – Уредување на градежно земјиште

Оваа програма од вкупно предвидените средства во износ од **2.350.000,00** денари има реализација во износ од **581.286,00 ,**за (надзор над изведба на градежни објекти и геодетските услуги),или изразено процентуално споредбено планирано реализирано **24,73%.**

## ФА– Уредување на градежно земјиште( Капитални трошоци)

Оваа програма од вкупно предвидените средства во износ од **6.800.000,00** денари има реализација во износ од **6.276.287,00 ,**за (изработка на проекти и надомест за експропријација на имот ),или изразено процентуално споредбено планирано реализирано **92%.**

Во делот на колоната за донации во истата програма од планираните 1.700.000,00 денари за изработка на Техничка документација за поставување на фотоволтаични системи за производство на електрична енергија на крововите од јавните институции во Општина Свети Николе реализирани се 667.800,00 денари или изразено во проценти 39%.

## 3.6. Ј – Комунални дејности

Програмата за комунални дејности за 2023 година се реализираше по одделни подпрограми чија реализација ќе биде подолу образложена:

### J1 - Снабдување со вода

Оваа програма опфаќа Субвенционирање на Јавното Претпријатие Комуналец и за таа намена планирани се средства во износ **1.000.000,00** денари, и истите се реализирани.

### J3 – Јавно осветлување

Од оваа ставка се изврши исплата за потрошената електрична енергија и одржувањето на јавното осветлување. Вкупниот планиран износ за оваа програма изнесува **6.500.000,00** денари од кои се реализирани во вкупен износ од **5.686.557,00** денари или **87%.** За електрична енергија за улично осветлување исплатени се **3.918.706,00** и тоа споредено со вкупните трошоци од оваа програма изнесува **69**%. Остатокот од **31%** се потрошени за одржување на капацитетите во енергртиката за замена на улични светилки и прекинати кабли соодветно на јавните набавки за оваа потреба како и за новогодишно украсување. Износот изразен во номинална вредност изнесува **1.767.851,00** денар

### J4 - Јавна чистота

Во оваа програма во буџетот за 2024 година беа предвидени **7.500.000,00** денари, а реализирани беа **6.780.039,00** денари **(90%).** Од вкупно планираните

согласно Програмата за јавно прометни и јавно зелени површини за 2024 година предвидени според месечното задолжување од страна на ЈКП Комуналец се **4.800.000,00 денари** и од планираните остварени се **4.179.848,00** денари (**87%).** По основ на ангажирање на лица во проектот за Јавна чистота за 2024 година од вкупно предвидени **1.000.000,00** реализирани се **875.646,00** денари кој изразени во процент е **87%.** Од износот **1.724.545** денари потрошени се средства за чистење на речно корито на река Периш износ од **499.055** денари и остатокот е за зинско одржување на локалните улици во градот и селата.

### J5 - Јавен Локален превоз на патници

Оваа програма се предвидени средства за организираниот линиски превоз за жителите во селата Ерџелија,Мустафино,Горобинци ,Црнилиште,Пеширово, Кадрифаково,Амзабегово кој за прв пат профункционира во 2019 година на општо задоволство на жителите во тие села како и линија за с. Сопот коа започна да функционира од 2024 година.Во Буџетот за 2024 година предвидени беа средства во износ од **500.000,00 денари** од кои се реализира износ од **347.340,00** денари или изразени во проценти **69%.**

### Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај

Оваа програма опфаќа одржување на локалните патишта и улици на територијата на урбаните и селските населби и регулирање на режимот на сообраќај вкупниот износ на планирани средства во оваа програма се **200.000,00** денари, од кои средства немаме релизацијата.

### Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило

Во оваа програма во буџетот за 2024 година беа предвидени **200.000,00** денари од кои реализирани се **60.000,00** денари или изразено во проценти **30%.**

### Ј8 - Други комунални услуги

Во оваа програма во буџетот за 2024 година беа предвидени **900.000,00** денари од кои средства се реализирани **790.264,00** денари за заловување на бездомни кучиња или изразено во проценти **88%.** .

### ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Во оваа програма во буџетот за 2024 година во потпрограмата **ЈДА** се предвидени **17.900.000,00** денари, а реализирани се **17.293.937,00** денари или реализирани се активности во износ од **97%** од планираните.Средствата се искористени за Изградба и реконструкција на улици во град Свети Николе (Реконструкција на улици во град Свети Николе и тоа : ул. “Питу Гули”,”Вера Циривири”,”Васка Циклева” ,”Борис Трајковски”,”Карпошева” ,”Македонска”,”Маршал Тито”,”29-ти Ноември”,”Кумановска”,”Плоштад Илинден”и дел од улици во населба Поглед.

Во потпрограмата **ЈДВ** се предвидени **3.000.000,00** денари а реализирани се **2.999.617,00** денари или изразено во проценти **99%.**Средствата се искористени за поплочување со бехатон плочки по тротоари во населба Бел Камен.

Во потпрограмата **ЈД0** се предвидени **7.052.653,00** денари а реализирани се **5.090.087,00** денари или реализирани се активности во износ од **72%.**Средствата се искористени :за Реконструкција на улица Орце Николов ( од Биро за регионален развој 2.587.507 денари од Буџет на Општина Свети Николе износ од 352.842 денари), Изградба на улици бр.6 во с.Ерџелија ( од Биро за регионален развој 1.329.833 денари од Буџет на Општина Свети Николе износ од 1.329.832 денари), Изградба (асфалтирање)на улица во Индустриска зона од Буџет на Општина износ од 3.111.807 денари.Има реализација во оваа програма за тампонирање на улици во с. Мустафино по прва времена ситуација износ од 602.564 денари.За изградба на крак на улица во индустриска зона исто така има реализација по прва времена ситуација износ од 473.905 денари.Поради лоши временските прилики реализацијата на овие две активности беше прекината во 2024 година и истите се завршени во текот на 2025 година и во истата ќе бидат подмирени и остатокот од обврските.

### ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување

Во оваа програма во буџетот за 2024 година во потпрограмата ЈГА се предвидени **2.454.000,00** денари од кои реализирани се **681.220,00** денари или изразено во проценти **28%.**

**ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

Во 2024 година во оваа програма беа предвидени **8.581.817,00** денари . Од овие средства реализирани се **6.959.847,00** или процентот на реализација во однос на планираното е **81%.** Трошокот во оваа програма се однесува за санација на речно корито на Горубинска река –трет дел во износ од 6.167.714 денари,износ од 210.316 денари е исплатен на ЈКП Комуналец за санација на канализациони мрежи низ градот ,додека 581.817 денари се средства кои се исплатени во 2024 година а е пренесено салдо од 2023 година за поставување на канизациони цевки за атмосферска канализација на улицата во индустриска зона Мало стопанство.

**ЈЛ – Други комунални услуги( Капитални расходи)**

Во оваа програма во буџетот за 2024 година беа предвидени **16.930.347,00** денари а реализиран е износ од 16.896.662 за изградба на мост преку во индустриска зона Мало стопанство(ова се средсва одобрени од Владата на РСМ) . Процентот на реализација за оваа програма изнесува **99%.**

**ЈМ – Паркови и зеленило (капитални расходи)**

Во оваа програма во Буџетот за 2024 година предвидени се средствата во износ од **1.000.000,00** денари од кои реализирани се **880.752**,00 денари или изразено во проценти изнесува 88%.Средствата се искористени за замена на реквизити на ддетско игралиште во населба Бел камен

**ЈН – Урбана опрема (капитални расходи)**

Предвидените средствата во оваа програма изнесуваат **350.000,00** денари од кои реализација има во износ од **181.720,00** денари или изразено во проценти **52%.**Средствата се потошени за набавка на урбана опрема-клупи и корпи за отпадоци во градот.

## 3.7.К – Култура

Од општинскиот Буџет за 2024 година соодветно на Програмата за култура која е спроведена транспарентно и се доделени финансиски средства за покривање на повеќе манифестации кои ги организираше општината заедно со Домот на културата. Беа спроведени одбележувања на сите позначајни датуми за нашиот град.

Оваа година беше организиран Меѓународниот фестивал за танци и ора „Тодорица 2024, се доделуваа награди за животно дело и заслужни просветни работници за 2023/2024 година за кои беа прогласени и наградени од страна на општината. Исто така беа доделени плакети за заслужни граѓани од земјата и од странство.

Се одбележа патронот на градот “ Св. Никола”,исто така се обележа и денот на ослободувањето на градот Свети Николе “14-ти Септември”. Во делот на оваа програма се реализира и манифестацијата Ликовна колонија Ѓуриште.Се обележа и денот на децата со посебни потреби.

Се одбележа и Светиниколски есенски културен бран во кои беше организирана „Бела ноќ“ во која настапуваше музицката група НОКАУТ.

Во делот на оваа програма од Буџетот на Општина Свети Николе потрошени се средства во износ од **1.869.333,00** денари од кои:

- за трансфери до здруженија, граѓани и фондации има потрошено износ од **300.000,00** денари и тоа за организирање на Културен настан Моторијада 2024година

- а остатокот од средствата **1.569.333,00** денари потрошени се за организирање и спроведување на погоре споменатите културни манифестации кои се одржани во Општина Свети Николе во текот на 2024 година.

- На Домот на Културата “Крсте Мисирков “поради малиот износ на блок дотациите од страна на ресорното министерство кои ги покриваат само трошоците за плата и надоместоци од плата ,Општина Свети Николе од својот Буџет за 2024 година издвои **806.927,00** денари за покривање на основните оперативни расходи на институцијата за нејзино непречено функционирање.

  - На Народниот музеј поради малиот износ на блок дотациите од страна на ресорното министерство кои ги покриваат само трошоците за плата и надоместоци од плата ,Општина Свети Николе од својот Буџет за 2024 година издвои **746.541,00** денари за покривање на основните оперативни расходи на институцијата за нејзино непречено функционирање.

Споредбено средствата од планираниот основен буџет во износ од **4.270.000**,**00** денари во сооднос со реализираните **3.422.801,00** денари изнесува **80%.**

Во делот на наменската дотација кај Домот на културата од оваа програма планарини средства од **8.593.746,00** денари, а реализирани се **8.540.699,00** денари од кои **8.162.323,00** се за плати, а остатокот од средствата **378.376,00** се за договорни услуги, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување, комунални услуги, греење и комуникација и сл. Овој показател покажува дека наменската дотација не е доволна да ги покрие сите трошоци во Домот на Културата и затоа се користени средства од основниот буџет на Општина Свети Николе се со цел да не се доведе во прашање функционирањето на иституцијата .

Во делот на наменската дотација кај Народниот музеј од оваа програма планарини средства од **7.011.403,00** денари, а реализирани се **6.903.667,00** денари од кои **6.622.619,00** се за плати, а остатокот од средствата **281.048,00** се за стоки и други услуги во оваа област, договорни услуги, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување, комунални услуги, греење и комуникација и сл. Овој показател покажува дека наменската дотација не е доволна да ги покрие сите трошоци во Народниот музеј и затоа се користени средства од основниот буџет на Општина Свети Николе се со цел да не се доведе во прашање функционирањето на иституцијата.

Во делот на самофинасирачката сметка во Домот на културата од планираните средства во износ од **1.238.000** денари реализиран е износ од **529.301** денари или изразено во проценти е 43%.

## 3.8.Л – Спорт и рекреација

Програмата од областа на спортот во 2024 година опфаќа:

Поддршка на спортски клубови,доопремување на веќе постоечките со опрема за непречено работење, како и подршка на сите оние кои имаа интерес за развој на спортот во нашиот град согласно можностите на Општина Свети Николе

**Поддршка на спортот во градот**

Согласно основните цели на Програмата, Општината Свети Николе прави напори да го поддржи и да создава услови за што поголем развој на спортот во градот. Особено е важно да се подобруваат условите на локално ниво за развој на квалитетниот спорт.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат финансиски извештај за тоа каде и за што ги имаат потрошени финасиските средства кои ги имаат земено од Општина Свети Николе(копии од извршените уплати,копии од сметки и фактури).

Од оваа програма исплатени се следниве износи за Спортски клубови:

| Бр. | Партнери | исплатено |
|---|---|---|
| 1 | БОРАЛЕ ЗССР | 20.000,00 |
| 2 | ГРК Овче Поле 1958 | 500.000,00 |
| 3 | ЖРК ОВЧЕ ПОЛЕ-СУ | 500.000,00 |
| 4 | Здружение на училишен спорт-Кирил и Методиј | 20.000,00 |
| 5 | КК БАСКЕТ ОВЧЕ ПОЛЕ | 20.000,00 |
| 6 | КК ОВЧЕ ПОЛЕ | 200.000,00 |
| 7 | КК Овче Поле СВН 2023 | 100.000,00 |
| 8 | КМФ ОВЧЕ ПОЛЕ 2013 | 350.000,00 |
| 9 | МЛАДИ ОВЧЕПОЛЦИ УСК | 20.000,00 |
| 10 | Младински ракометен клуб КЛ-7 | 35.000,00 |
| 11 | Општински фудбалски сојуз ФФМ | 50.000,00 |
| 12 | ПЕЛА СПОРТ-8 | 20.000,00 |
| 13 | Училишен Спортски клуб ЛИСКА ПОТОК | 20.000,00 |
| 14 | Училишен спортски клуб Овчеполски асови | 20.000,00 |
| 15 | ФК Овче Поле | 1.300.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **3.175.000,00** |

Мораме да напоменеме дека Општина Свети Николе во 2024 година беше во можност да ги реализира сите активности кои се неопходни за обезбедување на подобра и поуспешна спортска клима во нашата општина . Согласно одобрените средства максимално одговоривме на потребите на сите наши спортски клубови кои беа влезени во програмата за спорт.

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спортот за 2024 година беше насочена кон обезбедувањето на активен однос на Општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Свети Николе преку спортот. Во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти и граѓани од различна возраст.

Во 2024 година се организираше турнир во мал фудбал во Св. Николе , во с. Мустафино,турнир во мал фудбал во с.Ерџелија како и Баскет бал 3х3 за кои манифестации од Буџетот на Општина се потрошени 360.000 денари.Исто така од Буџетот на Општината се издвоени средства во износ од 49.875,00 денари за меморијалниот турнир “Александар Серафимов”.

## 3.9.В – Социјална заштита и заштита на децата

Оваа програма ги опфаќа активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита и заштита на децата преку Општинската јавна установа Детска градинка „Рахилка Гонева“. За реализација на оваа програма беа планирани средства во бкупен износ од **56.003.883,00** денари кои во најголем дел се однесуваат на блок дотација за плати на вработените во Детската градинка, наменските дотации и средствата од самофинансирање,донации и дел од Буџетот на Општина Свети Николе . Во 2024 година за планираните активности во областа на социјалната заштита и заштита на децата се реализирани средства во вкупен износ од **49.603.256,00** денари или програмата е реализирана со **88 %.**

Во основниот Буџет за 2024 година предвидени се **4.840.000,00** денари од кои реализирани се **3.400.852,00** денари од кои **653.356,00** денари се исплати за секое новородено дете во текот на календарската година, **501.078,00** денари исплатени по основ на барања за еднократна социјална парична помош ,за помош жртви од семејно насилство **5.000,00** денари додека за социјална помош-самохрани родители износ од **163.326,00** денари во Општина Свети Николе.
За договорни услуги за општокорисна работа за лица кои се ангажирани во детската градинка исплатени се **292.236 денари** од Буџет на Општина**.**За прехрамбени продукти и пијалоци (социјални пакети за социјално згрозени семејства по повод патронот на градот Св. Никола,престој на деца со посебни потреби во детско одмаралиште Дојран и пригодни поклони на децата со посебни потреби)исплатен е износ од **574.008 денари**.За санација и адаптација на детско одмаралиште Дојран за набавка на ситен инвентар потрошени се **28.320,00** денари.За уредување на дворот на новата Детска градинка во с. Ерџелија потрошени се **724.084**,**00** денари додека за поставување на ограда во истата градинка потрошени се **383.500,00** денари.Споредбено планираните средсва од основниот Буџет на Општина Свети Николе и реализираното во проценти изнесува **70%.**

Износот на планираните средства за блок дотацијата изнесува **39.691.883,00** денари додека во текот на 2024 година истите се реализирани во износ од **37.461.204,00** денари **94%** од кои најголемиот дел **32.848.879,00** денари **(87%),** се за исплата на плати и надоместоци од плати за вработените во општинската установа Детска градинка „Рахилка Гонева“, а остатокот од реализацијата се за стоки и други услуги за буџетскиот корисник од социјалната заштита во износ од **4.612.325,00** денари.

Детската градинка работи во 2 клона , во објекти за кои е потребно редовно да се одделуваат средства за одржување и реконструкција.

Износот на планираните средства од самофинансирачката сметка е **12.082.000,00** денари од кои реализирани се **9.013.029,00** или во процент **76%** за тековно оперативните трошоци за Детската градинка „Рахилка Гонева“.

Во делот на донации во соработка со Агенцијата за вработување и УНДП беа ангажирани лица кои вршеа работи во ЈОУДГ Рахилка Гонева за кои како донација Општина Свети Николе доби **950.000,00 денари** денари но исто така и Општина Свети Николе во проектот има сопствено учество од 20% за дел од ангажираните лица, а ангажманот на останатите лица е платен од општинската сметка.

## 3.10.Н – Образование

Во Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2024 година планирани се средства во износ од **207.241.809,00** денари а реализирани се **202.387.422,00** денари или Програмата е реализирана во износ од **98 %**. Во делот на трансфер на средства се прикажани средствата за блок дотација во основното и средното образование.

Планираните трансфери за основното и средното образование за 2024 година изнесуваат **195.106.920,00** ден. и истите се реализирани во износ од **193.368.727,00** ден. или **99 %.** Во делот на самофинансирачките активности планирани се **4.252.859,00** денари од кои реализирани се **2.148.064** денари **(50%).**

Исплатени се финансиски средства во износ од **369.000,00** денари за секое првачe на територијата на Општина Свети Николе во учебната 2024/2025 година.

Исплатени се финансиски средства во износ од **444.000,00** денари за секој средношколец кој се запишал во прва година во СОУ Кочо Рацин на територијата на Општина Свети Николе во учебната 2024/2025 година.

Во делот на капитални инвестиции се извршени се следниве активности :

-За поставување на систем за прифаќање и одведување на атмосферски води во “ООУ Свети Кирил и Методиј” потрошени се 499.984,00 денари.

-За хотикултурно уредување на училишниот двор во “ООУ Гоце Делчев “потрошени се 348.997,00 денари.

- Во “ООУ Гоце Делчев” е реконструирана една училница на прв спрат во износ од 128.266,00 денари .

- Во”ООУ Даме Груев” за иаработка на проект за електрична инсталација,поставување на електрично броило и поставување вентилација во балон салата се потрошени 461.000,00 денари.

-За тапонирање и асфалтирање на игралиштето во Земјоделското училиште во СОУ Кочо Рацин чии градежни работи започнаа во 2024 година но поради временските прилики истите не можеа да се завршат до крајот на годината. За делот кој беше изработен во 2024 година се исплатени 1.416.818,00 денари а остатокот од 3.047.115,00 денари ќе бидат исплатени во 2025 година бидејќи градежните работи се завршени во истата.

Според податоци заклучно со со 31.12.2024 година
во делот на основно образование во Општина Свети Николе е следната структура:

| Бр на ушилишта | паралелки | Вкупен бр. на ученици | Ученички | Ученици кои завршиле образование | Наставници | Полно работно време |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 90 | 1165 | 543 | 1246 | 144 | 120 |

Структурата на ученици заклучно со 31.12.2024 година е следната:

| Клас | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ученици вкупно** | **1165** | **132** | **129** | **120** | **149** | **127** | **127** | **120** | **118** | **143** |
| **Женски** | **543** | **67** | **58** | **57** | **67** | **70** | **57** | **57** | **51** | **59** |

Вкупно завршиле **1.246**, од кој **5 4 3** се ученички.

Во делот на средното образование структурата е
следна:

| Редовни средни училишта | Бр | Класови | Вк.ученици | Женски | Вкупно завршиле | Редовно завршиле | Вк. Наставници | Полно работно време |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **1** | **26** | **341** | **162** | **353** | **92** | **50** | **39** |

Структурата на завршените 93 ученика по струка за учебната 2023/2024 е следна:

1. **130** ученици се здобиле со завршена општа гимназија
   - природно математички-Б- 20 ученици
   - природно математички-А- 9 ученици
   -општествено хуманитарни А-20 ученици
   - општествено хуманитарни Б -4 ученици

2. ученици завршиле ветерина и земјоделско-ветеринарна струка
   -техничар за агроменаџмент -6 ученика
   -техничар по ветернарна медицина-11 ученика

3. **Со машинска средна стручна спрема**

   –машински техничар за моторни возила -6 ученика
   -хемиско технолошка струка-прехрамбен техничар 17 ученика

**Активности**

Во Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2024 година, во делот Активности се предвидени манифестациите што училиштата самостојно ги организираат на почетокот и крајот на секоја учебна година, како и изборот на најдобар наставник во основното и средното образование чие прогласување е поврзано со обележувањето на Денот на просветните работници 24 Мај.

## 3.11. W – Противпожарна заштита

Со новите надлежности на општините во процесот на децентрализацијата работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Свети Николе.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Свети Николе на 01.07.2005 година презеде вкупно 10 пожарникари. Од 2008 година па заклучно со 2022 година се вработени уште единаесет лица бидејќи во меѓувреме шест пожарникари се заминати во пензија. Заклучно со 31.12.2024 година во моментот во Територијалната противпожарна единица има 11 пожарникари од кои двајца заминаа во пензија во текот на 2024 година.

Во согласност со Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04), средствата за плати и надоместоци за плати за осум вработени во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат дел од Буџетот на Република Северна Македонија.Од Буџетот на Општина Свети Николе се обезбедуваат платите и надоместоците од плата за останатите вработени во ТППЕ како и другите оперативни активности и тековно одржување. Поради тоа, во Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2024 година, за плати и надоместоци за плати за вкупно 8 вработени во ТППЕ планирани се средства од Буџетот на РСМ во вкупен износ од **5.726.000,00** денари, а реализирани се во износ од **5.726.000,00** или во процент изнесува **100%.** .

Во основниот Буџет за 2024 година за плати и надоместоци од плати за вкупно 5 вработени во ТППЕ планирани се **7.703.000,00** денари, а реализирани се **6.609.913,00** денари или во процент изнесува **86%.** Останатите предвидени средства во Буџетот на Општина Свети Николе во износ од **2.300.000,00** денари од кои реализирани се **1.555.023,00** денари се потрошени средства ,тековните трошоци на ТППЕ како телефон, комунални услуги, регистрација на моторни возила, поправка и тековно одржување на моторните возила и набавка на горива и масла, опрема за и униформи за пожарникарите.

Според податоците, со добро планирање и менаџирање со средствата, потрошените средства се движат во рамките на планираните расходи според Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2024 година.

## 3.12-МВ- ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ВО ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Прекугранична соработка во 2024 година беше насочена кон продлабочување на меѓународната соработка и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси. Општина Свети Николе веќе има воспоставено добра меѓународна соработка со збратимениот град Чичевац од Република Србија, на планот на размена на информации и искуства, како и иницирање на заеднички проекти. Меѓународната соработка во голема мера ја продлабочија и традиционалните културни манифестации од меѓународен карактер.

Заклучок:

Генералната цел на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка не во целост остварена. Покрај продлабочувањето на соработката на билатерален план, општината започна со реализацијата на проекти во рамките на Вардарско планскиот регион и преку него се реализирани неколку проекти.

Реализираните активности придонесоа за продлабочување на соработката со збратимените и градовите пријатели на Свети Николе како и отворање преговори за проширување на соработката со општини од други земји како што е Општина Пуцонци од Словенија.

Имено во 2024 за патни трошоци и дневници на општинска администрација за патување во Бар-Р.Црна Гора 15.698 денари, за патни трошоци за патување на делегација од Општина Свети Николе во Општина Пуцонци износ од 28.395 денари.

За сместување на делегации од Општина Чичевац по повод патронот на градот Свети Никола износ од 13.680,00 денари како и за репрезентација за истата делегација во износ од 10.422,00 денари.

За посетување на семинар во Панчево на Градоначалникот и командир на ТППЕ износ од 28.000,00 денари .

Од планираните средства во износ од 450.000,00 денари реализирани се 96.195,00 денари или процентуално 21,37%

## 3.13-Х1- РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Програмата за 2024 година од вкупно планирани средства во износ од **250.000,00** денари реализирани се **35.832,00** денари или изразено во проценти 14%.

## 3.14-РА- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА – (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ )

Програмата за 2024 година од вкупно планирани средства во износ од **460.000,00** денари има реализација од **265.500,00** денари или изразено во проценти 58%.Овие средства се потрошени за изработка на ЛЕАП за Општина Свети Николе.

## 3.15-Р1- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА

Програмата за 2024 година од вкупно планирани средства во износ од **4.205.154,00** денари има реализација од **1.919.899,00** денари или изразено во проценти 46%.Овие средства се потрошени за проектите City Move и Лабараторија на отпорност.

## 4. Детален извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма Д0-Градоначалник, планирани се тековни резерви и тоа на ставка 413 – Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од **500.000,00** денари од кои во 20243 година се рализирани **365.440,00** денари односно **73%** од планираните средства.

Подолу ќе бидат презентирани детални прегледи за трошењето на овие тековни резерви.

**Табела 7**

**Исплата на други трансфери – Д1 Градоначалник трансфери до месни заедници**

| Бр. | Партнери | Исплатен износ |
|---|---|---|
| 1 | БИС ЛЕДМАРКЕТ –м.з Мустафино за набавка на улични соларни светилки | 10.785 |
| 2 | ДАНИТА НИК –м.з.Мустафино за подарок за Богојавление 5.990 денари<br>-м.з Црнилиште за лотарија за Нова година 15.990 денари<br>-м.з Горобинци за лотарија за Нова година 15.990 денари | 37.970 |
| 3 | ДАФИ КОМЕРЦ ДООЕЛ<br>- за мз.Преод за помош за црквата Св. Кирил и Методиј износ од 15.000 денари<br>-м.з. Ерџелија за помош за црквата Св. Апостол Павле износ од 16.400 денари | 31.400 |
| 4 | ЕВН ХОМЕ ДОО плаќање на електрична енергија за селски водовод м.з. Пеширово | 30.000 |
| 5 | Жан Стојков –м.з Мустафино за одбележување на верскиот празник Спасовден | 22.222 |
| 6 | Југослав Димитриевски –м.зГоробинци за одбележување на верскиот празник Спасовден и 2 –Август по 15.000 денари | 30.000 |
| 7 | Никола Стојанов –м.з. Пеширово за одбележување на верски празник Руса среда | 15.000 |
| 8 | Стојанче Тодосовски- мз.Црнилиште одбележување на празникот Света троица | 22.222 |
| 9 | Тодорче Јованов- мз.Ерџелија одбележување на празникот Света Троица | 20.000 |
| 11 | Тони Нанев –мз.Кадрифаково за одбележување на празник Крстовден | 13.333 |
| | **ВКУПНО** | **232.932** |

**Табела 8**

**Социјални трансфери за социјално загрозени лица, лица за лекување – Програма V1-Социјална заштита за 2024 год.**

**-**Вкупно исплатени средства од Буџетот по овој основ се 501.078 денари од кои 427.000 нето износ на лицата и 74.078 персонален данок од доход.

| Бр. | Партнери | |
|---|---|---|
| 1 | Адријана Петковска | 3.000,00 |
| 2 | Александар Јованов | 3.000,00 |
| 3 | Александра Бранковска | 3.000,00 |
| 4 | Александра Монева | 3.000,00 |
| 5 | Ангела Петкова | 6.000,00 |
| 6 | Андријана Митева-1 | 3.000,00 |
| 7 | Анета Анастасова | 3.000,00 |
| 8 | АНТОНИЕ ТАШЕВ | 5.000,00 |
| 9 | Аќи Мемедалиев | 3.000,00 |
| 10 | Ацо Милевски | 3.000,00 |
| 11 | Билјана Пешевска | 5.000,00 |
| 12 | Биљана Смиљковиќ | 3.000,00 |
| 13 | Благојче Јакимов | 3.000,00 |
| 14 | Блажа Васиљков | 3.000,00 |
| 15 | Блашка Јанева | 3.000,00 |
| 16 | Богоротка Младенова | 3.000,00 |
| 17 | Борче Алексовски | 3.000,00 |
| 18 | Бранислав Арсов | 5.000,00 |
| 19 | Бранко Цеков | 3.000,00 |
| 20 | Валентина Илијева | 4.000,00 |
| 21 | Валентина Смилковиќ | 3.000,00 |
| 22 | Ванчо Нацев | 3.000,00 |
| 23 | Величе Павлова | 5.000,00 |
| 24 | Вера Лазаревска | 3.000,00 |
| 25 | Вероника Јосевска | 3.000,00 |
| 26 | Виктор Милевски | 3.000,00 |
| 27 | Виљка Арсова | 3.000,00 |
| 28 | Виолета Марковска | 3.000,00 |
| 29 | Влатко Максимов | 3.000,00 |
| 30 | Горан Киров | 3.000,00 |

| Бр. | Партнери | исплатено |
|---|---|---|
| 31 | Далибор Вучев | 6.000,00 |
| 32 | Далибор Јакимов | 4.000,00 |
| 33 | Даниела Младеновска | 3.000,00 |
| 34 | Дарко Ангеловски | 3.000,00 |
| 35 | Дарко Илијевски | 3.000,00 |
| 36 | Дафинка Крстева | 3.000,00 |
| 37 | Дивна Младеновска | 6.000,00 |
| 38 | Дивна Петковска | 3.000,00 |
| 39 | Драга Ристова | 3.000,00 |
| 40 | Драге Темелков | 3.000,00 |
| 41 | Драги Коцев | 3.000,00 |
| 42 | ДРАГИ ПЕТРОВ | 3.000,00 |
| 43 | ДРАГИ ФИМКОВ | 4.000,00 |
| 44 | Душанка Анастасовска | 3.000,00 |
| 45 | Душко Митев | 5.000,00 |
| 46 | Ѓорги Јосев | 3.000,00 |
| 47 | Ѓоргиева Фросина | 3.000,00 |
| 48 | Ѓурѓица Илиевска(Тодоровска)) | 6.000,00 |
| 49 | Елизабета Мустафовска | 3.000,00 |
| 50 | Емел Зендел | 5.000,00 |
| 51 | Емилија Стефановска | 5.000,00 |
| 52 | Жаклина Величкова | 3.000,00 |
| 53 | Златица Младенова | 3.000,00 |
| 54 | Зоран Јачев | 3.000,00 |
| 55 | Зорка Величковска | 3.000,00 |
| 56 | Ивана Лазева | 3.000,00 |
| 57 | Игор Митревски | 3.000,00 |
| 58 | Илинка Гигова | 5.000,00 |
| 59 | Ирена Нунева | 3.000,00 |
| 60 | Ирена Стаменковиќ | 3.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 61 | Ирина Спасовска | 3.000,00 |
| 62 | Јаготка Ѓоргиева | 3.000,00 |
| 63 | Јованче Арсов | 3.000,00 |
| 64 | Јовица Ангеловски | 3.000,00 |
| 65 | Јовча Трајковски | 3.000,00 |
| 66 | Јонче Марковски | 4.000,00 |
| 67 | Калинка Христова | 3.000,00 |
| 68 | Камка Колева | 3.000,00 |
| 69 | Катерина Пешева | 5.000,00 |
| 70 | Киро Младеновски | 3.000,00 |
| 71 | Круне Петковски | 3.000,00 |
| 72 | Лиљана Величковска | 3.000,00 |
| 73 | Лина Димева | 3.000,00 |
| 74 | Љупчо Анастасовски | 3.000,00 |
| 75 | Љупчо Арсев | 3.000,00 |
| 76 | Марија Трајковска | 3.000,00 |
| 77 | Марина Јовчевска | 3.000,00 |
| 78 | Марјан Стошевиќ | 3.000,00 |
| 79 | Марјанчо Голубов | 3.000,00 |
| 80 | Мартина Лазаревска | 3.000,00 |
| 81 | Методи Тодоровски | 3.000,00 |
| 82 | Милан Апостолов | 3.000,00 |
| 83 | Милена Пешевска | 3.000,00 |
| 84 | Моника Арсова | 3.000,00 |
| 85 | Моника Спасовска-1 | 3.000,00 |
| 86 | Нермина Јашарова | 3.000,00 |
| 87 | Никола Здравков | 3.000,00 |
| 88 | Оливер Диневски | 3.000,00 |
| 89 | Оливер Симонов | 3.000,00 |
| 90 | Павле Арсевски | 3.000,00 |
| 91 | Панче Богдановиќ | 3.000,00 |
| 92 | Петра Трајчева | 3.000,00 |
| 93 | Предраг Јованов | 3.000,00 |
| 94 | Рада Панева | 3.000,00 |
| 95 | Раде Панев | 3.000,00 |
| 96 | Рамие Спасова | 3.000,00 |
| 97 | Родна Стојановска | 3.000,00 |
| 98 | Ружица Николовска | 3.000,00 |
| 99 | Сашо Стојковиќ | 3.000,00 |
| 100 | Светлана Јанева | 3.000,00 |
| 101 | Севда Младеновска | 3.000,00 |
| 102 | Силвана Димитријевска | 3.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 103 | Слаге Трајковски | 4.000,00 |
| 104 | Слаѓана Тасиќ | 3.000,00 |
| 105 | Слаѓинка Костадинова | 4.000,00 |
| 106 | Снежа Миланова | 3.000,00 |
